Јавно претпријатие за државни патишта - Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-4105/18
02-04-2018 201 __ год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
## За службена облека на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола

Објавено на огласна табла во ЈПДП на ден 03.04.2018 година

Објавено на огласна табла на Н.С Глумово, Желино, Гостивар, Петровец, Миладиновци, Романовци, Сопот, Градско и Отовица на ден 03.04.2018

Март, 2018 година

Врз основа на член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

# ПРАВИЛНИК

за службена облека на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола

## Член 1

Со овој Правилник се пропишува, видот, бојата, начинот на доделување, користење и времето на траење на службената облека на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола.

Вработени во Одделението за наплата на патарина и контрола на кои им следува службена облека се:

- Одговорен на наплатна станица
- Сменоводител за наплата на патарина
- Инкасант за наплата на патарина

## Член 2

Службената облека во зависност од сезоната е зимска или летна.
Зимската облека се носи од 15 Октомври до 31 Март, а летната од 1 Април до 14 Октомври.
Во зависност од временските услови, Раководителот на одделението може да поднесе писмена наредба зимската, односно летната службена облека да може да се носи надвор од периодот утврден во став 2 на овој член.

## Член 3

Зимската службена облека за мажи се состои од: зимска јакна, панталони, кошула со долги ракави, блуза – џемпер во V израз, елек без ракави.
Летната службена облека за мажи се состои од: панталони, поло маица со кратки ракави.

## Член 4

Зимската службена облека за жени се состои од: зимска јакна, кошула со долги ракави, блуза - џемпер во V израз, елек и панталони.
Летната службена облека за жени се состои од: поло маица со кратки ракави, панталони.

Член 5

Основна боја на деловите на службената облека е темно плава - тегет, со исклучок на кошулата со долги ракави чија основна боја е светло виолетова.

Член 6

Зимската службена облека за мажи и жени е со состав на ткаенина: 85% рунска волна, 15% полиестер.
Летната службена облека за мажи и жени е со состав на ткаенина: 65% рунска волна, 35% полиестер.
Блуза - џемпер е изработен од суровина во состав 50% рунска волна и 50% синтетика-полиакрил.
Кошулата со долги ракави и поло маицата со кратки ракави е со состав 100% памук.

Службената облека е со следниот крој:
- **зимска јакна**- се закопчува со патент во шоблајсна до грлото каде што се закопчува со едно копче. На левиот ракав горе стои етикета ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА.
- **панталони (зимски и летни)** се со вообичаен крој, со по две фалти на предницата свртени бочно према џебот. Однапред од двете страни имаат по еден кос џеб и потребен број гајки за ремен. Ногавиците на панталоните се без манжетни. Панталоните се поставени до под колено со постава во боја на основниот материјал. На десната задна страна има џеб со копче.
- **кошула со долги ракави** - е изработена од памук во бела боја, со еден џеб на левата предница и со вообичаен крој,
- **поло маица со кратки ракави** - е изработена од памук во бела боја
- **блуза-џемпер** - е со долги ракави од ткаенина, во V израз
- **елек без ракави** – со патент на закопчување , со по еден џеб од лева и десна страна

Член 7

Јакната, панталоните, кошулата со долги ракави, поло маицата со кратки ракави, блузата, за жени се изработени од ист материјал и се со иста боја и изглед како и соодветните делови на службената облека за мажи, со тоа што нивниот крој е прилагоден според анатомската конструкција на жената.

Член 8

Вработените во одделението за наплата на патарина утврдени со овој Правилник се должни да ја носат службената облека само за време на работа, доаѓање на и враќање од работа, како и да ја одржуваат уредно.

Член 9

Службената облека не смее да се отуѓи.
На службената облека не смеат да се вршат измени на кројот, бојата и ознаките утврдени со овој Правилник.

Член 10

Времето на траење и количината на службената облека изнесува:

| Реден број | Назив | Количина | Времетраење |
|---|---|---|---|
| 1. | Зимска јакна | 1 | 36 месеци |
| 2. | Зимски панталони | 2 | 24 месеци |
| 3. | Кошула со долги ракави | 2 | 24 месеци |
| 4. | Блуза џемпер | 1 | 24 месеци |
| 5. | Летни панталони | 2 | 24 месеци |
| 6. | Елек | 1 | 24 месеци |
| 7. | Поло маица со кратки ракави | 4 | 24 месеци |

Времетраењето на службената облека односно роковите од табелата од овој член почнуваат да течат од денот кога вработениот ја примил службената облека.

Член 11

Ако вработениот во одделенеието за наплата на патарина отсуствува од работа подолго од шест месеци по било кој основ, рокот на времетраење на службената облека, односно поедини делови се продолжуваат за време колку што вработениот отсуствувал од работа.

Член 12

По истекот на роковите на член 10 од овој правилник, службената облека преминува во сопственост на вработениот на кој му е дадена.

Член 13

Ако на некој од вработените му престанал работниот однос пред истекот на рокот на траење на службената облека, тој истата може да ја задржи со плаќање на надоместок.
Обврската за плаќање од став 1 на овој член не се однесува во случај на смрт на вработениот односно кога оди во пензија.

Член 14

Ако службената облека, по одредбите на овој правилник, преминува во сопственост на вработениот од службената облека се симнуваат сите ознаки.

Член 15

Ако вработениот службената облека, односно дел од службената облека ја уништил или ја оштетил по своја вина, ги сноси трошоците за набавка на нова службена облека, односно дел од облеката.

Ако службената облека или определен дел од службената облека е уништен и оштетен без вина на вработениот, истиот има право на нова службена облека, односно на соодветен дел од службената облека.

Член 16

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на Огласна табла во Јавното претпријатие за државни патишта и на наплатните станици во Република Македонија.

Управен одбор
Претседател
Љупка Цикарска